Согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност известуваме дека на 12.06.2020 година се одржа конститутивна седница на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје избран од страна на Собранието на акционери на Берзата што се одржа на 29.05.2020 година. Согласно собраниската одлука за избор на членови на Одборот на директори на Берзата сите досегашни членови на Одборот продолжија да ја извршуваат оваа функција и во новиот мандат во времетраење од четири години. На конститутивната седница за Претседател на Одборот во овој мандат е избран г-дин Тони Стојановски.

Согласно наведеното Одборот на директори на Берзата е со следниот состав:

1. Тони Стојановски - претседател
2. Коста Костовски
3. Петар Трпески
4. Михајло Брова Зиков
5. Иван Штериев
6. Билјана Цветковска
7. Горан Анастасовски- независен член
8. Иван Мишев – независен член.